Друштво за производство, трговија
и инжененринг ЕУРЕФИ ИНЖИНЕРИНГ
ДООЕЛ
Бр. 03-017
14.11 2023 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-573/13
14-11-2023 20 год. vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

# ДОГОВОР

## за набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Чаир
## ДЕЛ 2 – ОПРЕМА ЗА КУЈНА

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за труд и социјална политика**, со седиште на ул.„Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Јованка Тренчевска, во понатамошниот текст: Набавувач, и

2. **Друштво за производство,трговија и инжинеринг** ЕУРЕФИ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ **Скопје**, со ЕМБС 6155480, со седиште на ул. 11 Октомври бр.42/13 Скопје, претставувано од управител Милошевска Славица, во понатамошниот текст: Носител на набавката.

## II. ДЕФИНИЦИИ

**Член 1**

За целите на овој договор, одделни поими и изрази употребени во овој договор го имаат следново значење:

1) **„Договорен орган„** - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) **„Носител на набавката„** - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) **„Договор за јавна набавка на стоки„** - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;

4) **„Договорна цена„** - е цената која ја побарува носителот на набавката како што е утврдено во овој договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал;

5) **„Испорака„** - значи предавање на стоките од страна на носителот на набавката на договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договор, на начин на кој договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;

6) **„Сродни услуги„** - претставуваат пропратни услуги на набавката на стоки, како што е осигурување, инсталација, почетно одржување и други слични обврски на носителот на набавката според условите наведени во овој договор;

7) **„Сервисирање„** - претставува отстранување на сите грешки (дефекти и слично) и технички недостатоци, како и вградување на потребните резервни делови на испорачаните стоки;

8) **„Подизведувач„** - е домашно или странско правно или физичко лице, кое треба да достави кој било дел од стоките или да изврши кој било дел од сродните услуги преку под договор склучен со носителот на набавката.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка на стоки како отворена постапка во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи) и важечките подзаконски акти, како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-5731/1 од 25.08.2023 година, Одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-5731/7 од 25.10.2023 година, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор е **набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Чаир, ДЕЛ 2 – ОПРЕМА ЗА КУЈНА.**

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на договорот, е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вредноста на овој договор изнесува 2.189.100,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува 394.038,00 денари.

Вкупната цена на набавка со пресметан данок на додадена вредност изнесува 2.583.138,00 денари.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ДЕЛ 2-КУЈНА | | | | |
| | Набавка, транспорт и монтажа на професионална опрема за кујна за подготвување на оброци за капацитет до 350 деца, изработена од инокс AISI 304 | | | | |
| | МАГАЦИН | | | | |
| 1 | Отворена сталажа со 5 полици, мобилни по висина, поставени на перфорирани челични профили. Изработен од ладновалан лим, со д=1мм, електростатски боен во RAL 9006, со димензии мин. 80/40/210 | парче | 2 | 5.068,87 | 10.137,74 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Професионален фрижидер-изработен надворешно и внатрешно од инокс AISI 304 Капацитет мин. 750 лит. со температурен режим на ладење од -2 до +10. Внатрешни заоблени ивици-HACCP. Аларм за нечист кондензат, автоматско одмрзнување, можност за подесување на влажност, автоматско испарување на кондензат, дигитален дисплеј, врата со заклучување, еколошки фреон, внатрешно светло, можност за подесување на влажност,автоматско отопување по потреба. Моќност мин. 500W МАРКА/МОДЕЛ Professional PRO 1502 TNBV Everlasting Италија | парче | 1 | 135.411,23 | 135.411,23 |
| 3 | Професионален фрижидер-вертикален, изработен надворешно и внатрешно од инокс AISI 304 Капацитет мин. 600 лит. со температурен режим на на ладење од од-10 до -22. Внатрешни заоблени ивици-HACCP. Аларм за нечист кондензат, автоматско одмрзнување, автоматско испарување на кондензат, дигитален дисплеј, врата со заклучување, еколошки фреон, внатрешно светло, можност за подесувасње на влажност, автоматско отопување по потреба Моќност мин 500W МАРКА/МОДЕЛ Professional PRO 701 BTV Everlasting Италија | парче | 1 | 123.101,12 | 123.101,12 |
| 4 | Гардеробен ормар, со 4 крила од ладновалан лим, со д=1мм, електростатски боен во RAL 9006. 65/41/180 | парче | 3 | 10.499,80 | 31.499,40 |
| | КУЈНА | | | | |
| | миење на садови | | | | |
| 5 | Набавка, транспорт и монтажа на работна маса со отвор за отпадоци 60/70/85 см од ИНОКС, со канта за отпадоци | парче | 1 | 8.979,14 | 8.979,14 |
| 6 | Садопер со три корита изработени од инокс AISI 304 со долна полица, со дим. 160/70/85 | парче | 1 | 26.792,60 | 26.792,60 |
| 7 | Набавка, транспорт и монтажа на професионален туш за предмиење на садови. | парче | 3 | 10.861,86 | 32.585,59 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Набавка, транспорт и монтажа на професионална машина за садови изработена од инох надворешно и внатрешно со капацитет мин. 900 чинии/час, со мин. три основни програми, циклус за самомиење, вградени два електронски дозатори: еден за детергент, еден за средство за плакнење, пумпа за исфрлање на вода, електронски контролен панел со вграден дигитален дисплеј на кој се појавуваат информации за температурата, како и информации за евентуални проблеми-самодијагностирачка, регулирање на потрошувачката на двата детергенти преку дигитален дисплеј, регулирање на температурата за миење преку дигитален дисплеј, комплет со депуратор и соодветно постолје. МАРКА/МОДЕЛ: Niagara 62DE Elettrobar Италија | парче | 1 | 126.721,74 | 126.721,74 |
| 9 | Набавка, транспорт и монтажа на маса за цедење со димензии 120/70/85 см | парче | 1 | 17.378,98 | 17.378,98 |
| 10 | Полици за садови 100/60/180 на тркалца | парче | 2 | 15.206,61 | 30.413,22 |
| | НЕУТРАЛИЈА | | | | |
| 11 | Садопер со две корита изработени од инокс AISI 304 со долна полица, со дим. 140/70/85 | парче | 2 | 20.275,48 | 40.550,96 |
| 12 | Работна маса со три фиоки од десна страна и долна полица изработена од инокс AISI 304 со дим. 140/70/85 | парче | 2 | 31.137,34 | 62.274,68 |
| 13 | Работна маса со шибер крила од двете страни изработена од инокс AISI 304 со димензии 140/70/85 | парче | 2 | 28.964,97 | 57.929,94 |
| 14 | Работна маса со долна полици изработена од инокс AISI 304 со димензии 140/70/85см. | парче | 6 | 14.844,55 | 89.067,28 |
| 15 | Висечки елемент со отворена полица со димензии 140/40/см H=60 см инокс AISI 304. | парче | 4 | 13.758,36 | 55.033,44 |
| 16 | Висечки елемент со шибер врати со димензии 140/40/см H=60 см инокс AISI 304. | парче | 2 | 23.896,10 | 47.792,20 |
| 17 | Висечки елемент со отворена полица со димензии 160/40/см H=60 см инокс AISI 304. | парче | 1 | 15.134,20 | 15.134,20 |
| | ТЕРМО БЛОК | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Електричен шпорет инох изведба- 4 рингли и рерна, Грејните плочи да бидат со дим.300/300мм. и да се со температурен ограничувач,регулирани со 7 степен прекидачи со контролни лампи. Грејните плочи да бидат со сила од 2-4кW. Рерната да е со јачина од мин. 5 кW, да е изолирана со стаклена волна и алуминиумска фолија, а внатрешноста да биде изработена од инокс. Работењето на греачите во рерната треба независно да го регулираат два термостати кои би овозможиле подесување на температурата од 100-300степени. Во рерната треба да бидат вградени термички осигурувачи кои во случај на пречекорување на температурата ќе го исклучат шпоретот. Нозете на шпоретот треба да се нивелираат по висина. Вкупната приклучна сила на шпоретот да е мин. 16,5 кW. МАРКА/МОДЕЛ:ES-AEK 890 Estrade Турција | парче | 1 | 141.204,23 | 141.204,23 |
| 19 | Работна маса неутрална 800/800/850 мм со долна полица инокс AISI 304. | парче | 1 | 10.861,86 | 10.861,86 |
| 20 | Електрична конвектоматска печка со капацитет мин11ГН 1/1 тави комплет инох изведба, мин. моќ 12kW, инокс комора со заоблени ивици, внатрешно светло во комплет со соодветно постоље, депуратор и туш. Тава р-фрај GN 1/1со длабочина 65 мм (3 парч.) Тава р-фрај GN/ 1/1 со длабочина 40мм (3 парч) МАРКА/МОДЕЛ: MKF 1111S Tecnoeka Италија | парче | 1 | 213.616,65 | 213.616,65 |
| 21 | Електричен Кипер со капацитет од 70-80 литри. Приклучната сила на киперот да е мин. 12,0кW. Делот во кој се готви комплетно изработен од инокс AiSi304, дното на тавата да е двослојно со дебелина мин. 12мм кое ќе овозможува рамномерно загревање на тавата. Температурната регулација на тавата треба да е преку термостат од 50 - 300 степени со вградени термички осигурувачи. Подигнувањето и спуштањето на тавата треба да биде преку тркало и механизам со навој. Куќиштето, капакот и конструкцијата на киперот треба да се изработени од инох AiSi304. МАРКА/МОДЕЛ: BR 90/80 E/N RM Gastro Чешка | парче | 1 | 175.962,19 | 175.962,19 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Просторна еко хауба со димензии 2000/2200/500мм, турбина за отпаден воздух 3500м3/час, турбина за свеж воздух 1000м3/час, со напонски регулатор, светло (треба да се поврзат на постојни канали, да се направи увид на лице место и да се земат во предвид сите потребни елементи). | парче | 1 | 175.962,19 | 175.962,19 |
| | ПЕРАЛНА | | | | |
| | | | | | |
| 23 | Електрична машина за перење алишта со капацитет мин 10 кг.со конструкција и барабан комплет инох изведба, центрифуга мин.1000 вртежи/мин.,G- фактор 300, моќ мин 6 kW,мах. ниво на бучавост 70db, изработена од инокс (преден,горен и страничен дел), автоматско дозирање на течност, програмирање на време и застој, микропроцесор со екран на допир со мин.16 програми, можност за програмирање, електробска контрола на нерамнотежата преку инвертер на фреквенција (фрекфентен инвертор) кој го детектира нерамномерното оптеретување пред вртењето, нема потреба од фиксирање на под. МАРКА/МОДЕЛ:HPW 10 Touch II EP Domus Шпанија | парче | 1 | 191.892,92 | 191.892,92 |
| 24 | Електрична машина за сушење алишта со мин. капацитет 10 кг. cool-down опција, моќ мин.6 kW, фрекфентен инвертор, вграден филтер, махимална бучавост 65 db., голем отвор на врата за 180 степени, команди со екран на допир, вртење на барабанот во две насоки, филтерска фиока, ладење на воздухот при крајот на циклусот. МАРКА/МОДЕЛ: HPD 10 Touch II Domus Шпанија | парче | 1 | 162.927,95 | 162.927,95 |
| | МЛЕЧНА КУЈНА | | | | |
| 25 | Садопер со две корита изработени од инокс AISI 304 со долна полица, со дим. 140/60/85, комплет со батерија (т/л) со туш на извлекување. | парче | 1 | 30.847,69 | 30.847,69 |
| 26 | Работна маса со три фиоки од десна страна и долна полица изработена од инокс AISI 304 со дим. 120/60/85 | парче | 2 | 29.109,79 | 58.219,59 |
| 27 | Работна маса со долна полици изработена од инокс AISI 304 со димензии 120/70/85см. | парче | 2 | 16.654,86 | 33.309,72 |
| 28 | Висечки елемент со отворена полица со димензии 120/40/см H=60 см инокс AISI 304. | парче | 1 | 13.251,47 | 13.251,47 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 29 | Висечки елемент со шибер врати со димензии 120/40/см H=60 см инокс AISI 304. | парче | 1 | 20.999,60 | 20.999,60 |
| 30 | Електричен шпорет со 4 рингли (1000-2000W) и рерна (домаќински)<br>•мин.3 функции на рерната<br>•Механички контроли<br>•Капацитет на фурната:од 51L до 71L<br>•Енергетска класа мин. А<br>најмалку две години гаранција<br>.МАРКА/МОДЕЛ Беко FSS 56000W | парче | 1 | 14.482,48 | 14.482,48 |
| 31 | Фрижидер со мин. димензии 54x54x140cm<br>•Вкупен капацитет: мин 220 L, мин. три полици, автоматско одмрзнување, енергетска класа мин. А+, Ниво на бучава:мах 42dB, најмалку две години гаранција МАРКА/МОДЕЛ Vox KS 2830 F | парче | 1 | 24.620,22 | 24.620,22 |
| | ХИГИЕНСКИ ШПАЈЗ | | | | |
| 32 | Отворена сталажа со 5 полици, мобилни по висина, поставени на перфорирани челични профили. Изработен од ладновалан лим, со д=1мм, електростатски боен во RAL 9006. 80/40/210 | парче | 2 | 5.068,87 | 10.137,74 |
| | ВКУПНО ДЕЛ 2 | | | | 2.189.100,00 |
| | ДДВ 18% | | | | 394.038,00 |
| | ВКУПНО СО ДДВ | | | | 2.583.138,00 |

## VI. РОК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Рокот за реализација на предметот на договорот е 45 работни дена сметано од денот на прием на нарачката доставена од страна на одговорното лице за следење на реализација на договорот кај Договорниот орган.

## VII.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Договорот за јавната набавка е со важност од 26 месеци ( периодот го опфаќа и задолжителниот гарантен период за опремата од најмалку 12/24 месеци), сметано од денот на склучување на договорот.

## VIII.ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ГАРАНЦИЈА НА ОПРЕМА

**Член 7**

Навременото и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува 10% од вкупната вредност на договорот и истата Носителот на набавката треба да ја достави во рок од 5 дена од денот на потпишување на договорот.

Банкарската гаранција се доставува во писмена оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од 3 месеци.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во денари.

За неисполнување на договорните обврски од страна на Носителот на набавка, Договорниот орган има право да ја активира и наплати Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

### Член 8

Испорачаната опрема треба да биде покриена со гарантен период од најмалку 12 месеци за опремата и 24 месеци за бела техника од производителот/носителот на набавката, за што носителот на набавката доставува и гарантен лист.

Носителот на набавката е должен во рок од 2(два) дена да се јави на повик од овластено лице во детската градинка во Општина Чаир, кој може да биде испратен по email или по пошта и да ги отстрани сите недостатоци во исправното функционирање на опремата.

Доколку е можно недостатоците се отстрануваат на лице место каде опремата е вградена или поставена, а доколку тоа не е можно по проценка на Носителот на набавка недостатоците се отстрануваат во соодветен сервис.

Патните трошоци за пренос на опремата кога има потреба од сервис и патните трошоци за лицата се на товар на Носителот на набавката.

Доколку опремата не се врати во исправна состојба во рок од 15 дена од денот кога истата е преземена од детската градинка, Носителот на набавка е должен да испрати замена за нефункционалната опрема најдоцна 3 дена од истекот на рокот за нејзина исправка односно најдоцна во рок од 18 дена од преземањето.

Во случај да се испорача нова опрема поради нефункционалност на старата гарантниот рок започнува да тече од денот на испораката и ќе трае 12 месеци.

## IX. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА/ТЕ

### Член 9

Носителот на набавката е должен испораката и монтажата на опремата да ја изврши во рок од 45 работни дена од денот на прием на нарачката доставена од страна на договорниот орган.

Испораката и монтажата на опремата се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице од договорниот орган и овластеното лице на носителот на набавката.

## X. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 10**

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ја изврши обврската во роковите определени во овој договор, истиот е согласен на договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 0,5% од цената утврдена во член 4 од овој договор за секој ден доцнење, а не повеќе од 15% од вредноста на договорот.

Доколку Носителот на набавка ненавремено ги извршува услугите кои се предмет на набавка, Договорниот орган има право да ја наплати и Гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот

## XI. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 11**

При изготвувањето на фактурата, носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи во договорот;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактурата (во случаи на правдање на аванс итн.);
- валута на плаќање.

## XII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 12**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на носителот на набавката да го изврши по приемот и монтажата на опремата.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на носителот на набавката да го изврши во рок до 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница и гарантен лист за испорачаната опрема од носителот на набавката.

## XIII. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 13**

Квалитативен и квантитативен прием на опремата од член 2 од овој договор врши договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни и записник за примопредавање. Овој Записник за примопредавање на опремата е валиден само ако опремата е целосно испорачана.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока.

## XIV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 14**

Носителот на набавката е должен да ја испорача и монтира опремата во рокот и на местото предвидени со овој договор.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога стоката/те ќе ја испорача и монтира до местото предвидено со овој договор.

Место на доставување на опремата е детска градинка во Општина Чаир.

**Член 15**

Носителот на набавката е должен испораката и монтажата да ја изврши во рок од 45 работни дена од денот на приемот на нарачката доставена од страна на договорниот орган.

## XV. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 16**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на носителот на набавката, по извршената испорака и монтажа, а во рок до 60 дена од денот на доставувањето на фактура од страна на носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Езерка Папастеревска или друго лице овластено од Министер.

Лицето за реализација на договорот е должно да достави копија од гарантен лист за испорачаната опрема до одговорно лице во детска градинка во Општина Чаир.

## XVI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 17**

За сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XVII. ВИША СИЛА

**Член 18**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор до кое би дошло поради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена поради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XVIII. ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 19

До предавањето на стоката во детската градинка во Општина Чаир, ризикот за случајна пропаст или оштетување на стоката го поднесува носителот на набавката, а со предавањето на предметот ризикот преминува врз договорниот орган.

Ризикот не преминува врз договорниот орган ако тој поради некој недостаток на предадената стока го раскинал договорот или барал замена на стоката.

### Член 20

Ако предавањето на стоката не е извршено поради задоцнување на договорниот орган, ризикот преминува врз договорниот орган во моментот кога паднал во задоцнување.

### Член 21

Кога поради задоцнување на договорниот орган ризикот преминал врз договорниот орган пред предавањето на стоката, носителот на набавката е должен да ја чува стоката со внимание на добар стопанственик, односно добар домаќин и за таа цел да ги преземе потребните мерки.

Истото важи и за договорниот орган кога стоката му е врачена, а тој сака да му ја врати на носителот на набавката, било поради тоа што го раскинал договорот, било поради тоа што барал друга стока наместо испорачаната.

И во едниот и во другиот случај договарачот кој е должен да ги преземе мерките за зачувување на стоката има право на надомест на трошоците потребни заради зачувување на стоката.

## XIX. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

### Член 22

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на стоката што тој ги имал во моментот на преминувањето на ризикот врз договорниот орган, без оглед дали тоа му било познато.

Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз договорниот орган ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

### Член 23

Недостаток постои:

1) ако стоката ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;

2) ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува договорниот орган, а која му била позната на носителот на набавката или морала да му биде позната;

3) ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани, и

4) кога носителот на набавката предал стока која не е соодветна на понудениот модел.

Член 24

Носителот на набавката не одговара за недостатоците од член 22 на овој договор, ако во моментот на склучувањето на договорот му биле познати на договорниот орган или не можеле да му останат непознати.

Се смета дека на договорниот орган не можеле да му останат непознати оние недостатоци што грижливо лице со просечно знаење и искуство на лице со исто занимање и струка како договорниот орган би можело лесно да ги забележи при вообичаениот преглед на предметот.

Член 25

Договорниот орган е должен примената стока на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести носителот на набавката во рок од осум дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на носителот на набавката веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

Член 26

Договорниот орган кој навремено и уредно го известил носителот на набавката за недостатокот може:

1) да бара од носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока/и без недостаток (исполнување на договорот);

2) да бара намалување на цената и

3) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи договорниот орган има право и на надомест на штетата.

Покрај тоа и независно од тоа, носителот на набавката му одговара на договорниот орган и за штетата што овој поради недостаток на стоката ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

## XX. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 27

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат спорот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

## XXI. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 28

Кога Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска, во тој случај Договорниот орган, може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штета и активирање на банкарска гаранција дури и да не даде дополнителен рок за извршување на услугата.

**Член 29**

Кога носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган има право да му остави дополнителен рок за исполнување на обврската . Дополнителниот рок може да се остави само во случај кога Договорниот орган не трпи штета и во тој случај нема да се бара надомест на штета и да се активира банкарска гаранција .

**Член 30**

Ако носителот на набавката не ја исполнил својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, Договорниот орган може да го раскине договорот, да ја активира банкарската гаранција и да бара надомест на штета.

Во случај на раскинување на договорот поради неисполнување на обврските во определениот рок и во дополнителниот рок, Договорниот орган има право на надомест на штета и право да ја активира банкарската гаранција.

## XXII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 31**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 32**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 33**

Овој договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| Договорен орган,<br>Министер,<br>Јованка Тренчевска | Носител на набавката,<br>Управител<br>Славица Милошевска |
|---|---|
| _______________ | _______________ |

Изработил: Благица Мирчевска, Раководител на одделение
Согласен: Славица Костовска, Раководител на сектор
Контролирал. Љубица Панова, Раководител на сектор